Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14 и 44/14), во врска со член 46 став 1 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 81/07, 55/13), и член 11 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14), а согласно Заклучокот на Агенцијата бр.02-3096/5 од 04.06.2014 година, на 34-та седница одржана на 04.06.2014 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за одобрување финансиски средства за одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати

1. Се одобруваат финансиски средства, во вкупен износ од 7.670,00 денари (6.500,00 денари, без ДДВ и износот на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 1.170,00 денари), заради реализирање на услугата – одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати што опфаќа и испитување на: хидранти, хидрантски црева и громобранско заземјување од страна на Друштвото за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства „РЕНИ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ увоз – извоз Јурумлери Скопје, согласно доставената и прифатена Понуда ред.бр.46/14 од 19.05.2014 година (наш бр.02-2894/1 од 23.05.2014 година, на вршителот на услугата, за период од 12 (дванаесет) месеци.

2. Средствата од точка 1 на оваа Одлука се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година.

3. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со вршителот на услугата, Друштвото за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства „РЕНИ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ увоз – извоз Јурумлери Скопје, ќе склучи договор за извршување на услугата – одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати.

4. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

### Образложение

Согласно член 46 став 1 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 81/07, 55/13), одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати се врши согласно со техничките нормативи, стандарди и упатства на производителот, најмалку еднаш годишно, а противпожарните апарати изложени на надворешни атмосферски влијанија и влијанија на агресивни технолошки средства, најмалку еднаш во периодот од шест месеца.

Во врска со горе наведеното, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беа доставени три понуди и тоа:

- Понуда ред. бр.46/14 од 19.05.2014 година (бр.02-2894/1 од 23.05.2014 година) од Друштвото за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства „РЕНИ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ увоз – извоз

Јурумлери Скопје, во износ од 6.500,00 денари без пресметан данок на додадена вредност од 18%,

- Понуда бр.22-2014 од 27.05.2014 година (бр.02-2927/1 од 27.05.2014 година) од Друштвото за сервисирање, одржување и промет на противпожарни апарати, уреди, опрема и средства, трговија на големо и мало „ВЕВА-СИГУРНОСТ“ ДООЕЛ, увоз-извоз Скопје, во износ од 7.600,00 денари без пресметан данок на додадена вредност од 18%,

- Понуда бр.28-14 од 26.05.2014 година (бр.02-2942/1 од 28.05.2014 година) од Друштвото за производство трговија и транспорт „ДЕКОРАДО Панче“ ДООЕЛ Скопје, во износ од 7.350,00 денари без пресметан данок на додадена вредност од 18%,

Следствено на тоа, доставената Понуда ред.бр.46/14 од 19.05.2014 година (наш бр.02-2894/1 од 23.05.2014 година) од Друштвото за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства „РЕНИ ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ увоз – извоз Јурумлери Скопје, е најповолна при што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одлучи истата да прифати и да се одобрат средства во вкупен износ од 7.670,00 денари (6.500,00 денари без ДДВ и износ на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 1.170,00 денари), како и да се потпише Договор за извршување на услугата – одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати, со наведеното правно лице, за период од 12 (дванаесет) месеци. За реализирање на оваа услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014-та година.

Согласно погоре наведеното, а врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14 и 44/14), во врска со член 46 став 1 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 81/07, 55/13) и член 11 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14), а согласно Заклучокот на Агенцијата бр. 02-3096/5 од 04.06.2014 година, се донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 02-3133/1

04.06 2014 година

Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.